# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 11
29 септември 2020 година

Година LVII


С О Д Р Ж И Н А


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 330. | Решение за објавување на Одлуката за доставување на барања за согласност од Владата на Република Северна Македонија за реализирање на настава со физичко присуство во дел од основните и средните општински училишта во Општина Штип во учебната 2020/2021 година | 402 |
| 331. | Одлука за доставување на барања за согласност од Владата на Република Северна Македонија за реализирање на настава со физичко присуство во дел од основните и средните општински училишта во Општина Штип во учебната 2020/2021 година | 402 |

330.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊА
ЗА СОГЛАСНОСТ ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВА СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО
ВО ДЕЛ ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА
ВО ОПШТИНА ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за доставување на барања за согласност од Владата на Република Северна Македонија за реализирање на настава со физичко присуство во дел од основните и средните општински училишта во Општина Штип во учебната 2020/2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4385/2
29 септември 2020 година
Ш т и п

Општина Штип
Заменик градоначалник
Јане Миланов, с. р.

331.

Врз основа член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/2002), член 22 став 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) и член 1 став 1 точка 1 став 15 од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20, 72/20, 92/20, 100/20, 107/20, 109/20, 119/20, 123/20, 125/20, 126/20, 134/20, 136/20, 140/20, 147/20, 153/20, 154/20, 156/20, 157/20, 163/20, 166/20, 169/20, 170/20, 175/20, 180/20, 181/20, 185/20, 190/20, 195/20, 201/20, 204/20, 208/20, 212/20 и 215/20), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 септември 2020 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА СОГЛАСНОСТ ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВА СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО ВО ДЕЛ ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

Член 1

Се прифаќаат барањата за доставување на барања за согласност од Владата на Република Северна Македонија за реализирање на настава со физичко присуство во основно образование за учениците од **четврто** до **деветто** одделение и за учениците во комбинираните паралелки во централните и подрачните училишта во учебната 2020/2021 година, поднесени од: 1. ООУ „Гоце Делчев“-Штип , 2. ООУ „Тошо Арсов“-Штип, 3. ООУ „Славејко Арсов“-Штип, 4. ООУ „Димитар Влахов“-Штип и 5. ООУ „Ванчо Прке“-Штип.

Член 2

Се прифаќаат барањата за доставување на барањето за согласност од Владата на Република Северна Македонија за реализирање на настава со физичко присуство во средно образование во учебната 2020/2021 година, поднесено од: СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип, СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип, СОУ „Јане Сандански“-Штип и СОУ „Коле Нехтенин“-Штип.

Член 3

Барањата за согласности за реализирање на настава со физичко присуство врз основа на оваа Одлука да се достават до Владата на Република Северна Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Штип.

Број 08-4385/1
29 септември 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Маријана Рогожарска Поповска, с. р.